РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2494/1
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-тата седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3060/1 од 24.11.2025 година, против директор на градинка во Општина ///, со наводи за злоупотреба на финансиски средства, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност за кои ДКСК има надлежност да постапува.

Предметот со број 12-3060/1 од 24.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 24.11.2025 година, поднесена е пријава против директор на градинка во Општина ///, со наводи за злоупотреба на финансиски средства и оформен е предмет број 12-3060/1 од 24.11.2025 година.
Во пријавата подносителот, без да го именува пријавеното лице и без да ја посочи градинката во која ова лице ја извршува функцијата, упатува на наводна финансиска злоупотреба поврзана со организација на обуки преку туристичка агенција. Сомневањето за финансиска злоупотреба подносителот на пријавата го поврзува со овозможена корист за неименувано службено лице вработено

како благајник, во вид на бенефиции при купување од продавница за бела техника и користење на процент од продажба. Во пријавата не се наведени детали за поврзаноста помеѓу службените лица ниту е упатено на деловен однос помеѓу некое од лицата и посочените правни лица.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи не претставуваат дејствија на корупција согласно дефиницијата за корупција од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Истовремено, во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност за кои ДКСК има надлежност да постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК